Врз основа на чл. 385 и чл. 387 од Законот за трговски друштва, а во врска со чл. 19 од Статутот на Цементарница УСЈЕ АД Скопје и Одлуката на Одборот на Директори бр. 02-585 од 29.09.2022 година

**ЦЕМЕНТАРНИЦА УСЈЕ АД СКОПЈЕ ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА ДРУШТВОТО ОБЈАВУВА**

# П О В И К

**за учество на Собрание на акционери**

Собранието на акционери на Цементарница УСЈЕ АД Скопје ќе се одржи на ден 31.10.2022 година (понеделник) со почеток во 10:00 часот во деловните простории на друштвото кои се наоѓаат на ул. Борис Трајковски бр. 94, Скопје со следниот

## ДНЕВЕН РЕД

1. Процедурален дел (Избор на Претседавач и бројач на гласови);
2. Донесување на Одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна и
3. Донесување на Одлука за измена на Статутот на Цементарница УСЈЕ АД Скопје;

На седницата на Собранието може да присуствува секој акционер лично, а може и да именува лице кое ќе го застапува на Собранието и ќе гласа во негово име. Овластеното лице треба да има писмено полномошно.

Акционерот кој ќе овласти лице да го застапува треба веднаш, по писмен пат, да го извести Друштвото за назначување на свој полномошник за Собранието, преку Архивата на Друштвото до Правна служба или по електронски пат, на следната e-mail адреса: violetam@usje.mk.

Акционерот кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно, ќе се смета дека не го дал полномошното.

За полномошник на Собрание можат да бидат овластени и лица кај кои има конфликт на интереси.

Полномошник на Собранието може да бидат овластени лица кај кои има конфликт на интереси само под услов ако тие претходно им обелоделиле на акционерите дека кај нив има конфликт на интерес и добиле конкретни инструкции за гласање во писмена форма од акционерот од кој се овластени да бидат нивни полномошници за секоја предложена одлука за гласање по точките на дневниот ред на седницата на Собранието за која им важи полномошното.

Друштвото на својата интернет страница го објавува идентитетот и причините за постоење на конфликт на интереси кај полномошниците. Полномошната дадени за лица кај кои постои конфликт на интереси важат од денот кога ќе се објави идентитетот на лицето со причината за постоењето на конфликт на интереси на интернет страницата на друштвото.

Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневен ред, согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговските друштва.

Акционерите на Друштвото кои поединечно или заедно поседуваат 5% од вкупниот број на акции со право на глас можат да предложат дополнување на Дневниот ред со барање за

вклучување нови точки ако истовремено приложат и образложение за предложената точка за дополнување на Дневниот ред или ако предложат одлука по предложената точка, како и по писмен пат да предложат усвојување одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во Дневниот ред.

Вклучување на нови точки во дневниот ред може да се врши по писмен пат на начин согласно чл. 390 од Законот за трговски друштва, во рок од 8 (осум) дена од денот на објавувањето на овој повик, односно најдоцна до 09.10.2022 година.

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието должен е да го пријави своето учество на Собранието, најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Акционерите и нивните застапници кои ќе учествуваат во работата на Собранието, своето присуство треба да го пријават во Архивата на Друштвото или на следниот телефонски број 078/361-050, заради евидентирање.

Материјалите и документите по точките од дневниот ред, како и дополнителните информации согласно ЗТД се достапни од денот на објавувањето на овој повик и акционерите ќе можат да ги разгледуваат и добијат секој работен ден, во седиштето на Друштвото во Архивата и на официјалната интернет страница на Цементарница УСЈЕ АД Скопје www.usje.mk.

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**